РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2169/6
19-11-2024 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-2169/1 од 14.08.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема законска надлежност за постапување по наводите од пријавата за предметниот случај.

Списите од предметот со број 12-2169/1 од 14.08.2024 година, да се достават на надлежно постапување до ///.

Предметот со број 12-2169/1 од 14.08.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2169/1 од 14.08.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Наводите во пријавата упатуваат на сомнежи за сторени злоупотреби, искористувања и пречекорувања на службената положба и овластување, со цел остварување корист за друг, од страна на службени лица во ///. Како што е наведено во пријавата, службеното лице ///, вработена во претходно наведениот орган, со искористување и пречекорување на службената положба и овластувања, придонесувала за изработка на ранг листите за прием на кандидати во органот, преку злоупотреби на приемниот испит, оценувањето и бодувањето на кандидатите,

фалсификување на документацијата (службена и доставена од кандидатите), со цел прием на кандидати кои не ги исполнувале условите, на штета на кандидатите кои ги исполнувале условите. Фалсификувањето на документацијата било вршено заедно со службено лице ///, тогаш директор на органот, а по наредба од службено лице ///, претседател на /// и службено лице ///, претседател на ///. Конкретно, посочено е дека ова се забележува кај снаата на службено лице ///, која иако била многу слаб кандидат, добила високи поени, со цел да биде примена во органот како слушател (или студент). Притисок бил вршен врз комисијата која го спроведувала бодувањето.

Со цел испитување на наводите од пријавата, ДКСК побара информација од Јавно обвинителство на РСМ, по однос на прашањето дали се водат кривични предмети во надлежните обвинителства, имајќи ги предвид изнесените наводи од пријавата. Јавното обвинителство на РСМ достави одговори до ДКСК во кои е наведено дека кривични предмети по однос на наводите од пријавата не се отворени и не се водат ниту во Основно јавно обвинителство Скопје, ниту во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Имајќи ги предвид одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и пријавените сомнежи, ДКСК цени дека за нивно испитување потребно е преземање на предистражни и истражни мерки од страна на надлежните органи, а за коишто мерки, ДКСК не е овластена согласно со Закон. Следствено, ДКСК оцени дека нема законска надлежност за испитување на наводите од пријавата. Надлежен орган за постапување по пријавата е ///, списите од предметот ќе се проследат на надлежно постапување до овој орган, заради што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц. Р., член

Доставено до:
- Јавно обвинителство на РСМ